There are no translations available.

НУ Центар за култура АЦО ЃОРЧЕВ

Адреса: Даме Груев бб

Тел: +389 43 371 081

Еден од репрезентите на културата во Општина Неготино е Националната установа Центар за култура “Ацо Ѓорчев” - Неготино

**Историјат**

Почнувајќи од 6 Април 2004, со измените на одредбите од новиот закон за култура на Република Македонија, Домот на културата „Ацо Ѓорчев“ - Неготино, премина во Национална Установа Центар за култура

„
А
цо Ѓорчев“
–
Неготино
.

Објектот на Центарот за култура „Ацо Ѓорчев“ - Неготино е зграда со површина од 1200 м2, изграден со средства на државата и пуштен во употреба од 1948 година, како Дом на културата - Неготино.

НУЦК “Ацо Ѓорчев” претставува центар на уметноста, музиката и целокупното културно живеење на граѓаните од Неготино.

**Просторни капацитети и кадровска екипираност на објектот**

Голема сала: 288 седишта

Уметничка галерија: 45м2

**Организација и кадровска структура**

Активностите се водат во 3 сектори:

I. Драмско-сценска дејност

II. Музичко-концертна и фолклорна дејност

III. Изложбено-галериска дејност

Менаџментот на институцијата е во лицето на Генералниот директор и менаџерите по сектори
.

Вкупен број на вработени во институцијата е 8 луѓе.

Националната установа Центар за култура Ацо Ѓорчев - Неготино, во рамките на своите програмски активности реализира годишна програма како производ на активностите на сектори
те
кои работат и делуват во ист
ата
.

Центарот за култура Ацо Ѓорчев - Неготино го организира и го води културниот живот во општината
.
Истиот
е средиште на културни
те
збиднувања во градот
и општината
(
п
ретстави, изложби, концерти, промоции на книги, литературно
-
музички средби, презентации).
Основната цел и активност на Центарот е да ги едуцира граѓаните, посебно младата популација, анимирајќи ја нивната културна креативност, зачувувањето и негувањето на традиционалното културно наследство и творештво и с
оздавање
на една културолошки чувствителна и образована публика.

Секоја година се изработуваат и доставуваат предлог-годишни програмски содржини и проекти кои се разгледуваат од страна на

Министерството за култура на РМ и се реализираат во зависност од финансиската подршка на Министерството
,
висината на

сретства
та од Локалната Самоуправа
и спонзорства
та од бизнис секторот
. Концептуално
,
секоја годишна програма нуди повеќе содржини, но онаа по кое Центар
от
за култура А
цо Ѓорчев
-
Неготино
е препознатлив се содржините и активностите што се водат пооделно во
секој од
сектори

те
:

## I. Драмско - сценска дејност

Аматерскиот театар  е основан истата година кога е изграден и Домот на културата, а има корени од некогашното спортско друштво од 1936 година кое во тоа време се занимавало и со драмски дејности. Во годините на своето постоење поставил на сцена повеќе од
1
50
премиерни изведби од познати светски и домашни автори
.



Стратешки, тенденцијата е не само поставување на сцена актуелни и популарни дела со градење перманентна присутност и театарска култура во градот, туку и популаризирање на оваа дејност кај младата популација со генерирање нови вљубеници и идни кадри.

Во овој сектор има двајца вработени, како административци и ангажирани повеќе надворешни соработници и волонтери.

Годишно подготвува и реализира околу 3 премиери со околу 15 репризи, по дела од

домашни и странски автори.
Аматерскиот театар остварува

гостувања како низ Македонија така и во странство, а у
чествува
и
на домашни театарски фестивали и
други
манифестации
.

**II. Музичко - концертна и фолклорна дејност**

1. КУД Јане Сандански

Во делот на програмските активности поврзани со негување на традиционалниот македонски фолклор, во Центарот за култура Ацо Ѓорчев - Неготино работи и со години успешно опстојува КУД "
Јане Сандански
",
кој со своите
150
фолклористи и
10
музичари се презентери на народното фолклорно богатство
на ова поднебје
. Обучувајќи и внесувајќи ги во уметноста на фолклорните игри и
традиционални кореографии
и бројните ново запишани членови,
тие напорно се и дел од повеќето програмски активности на Центарот за култура.


КУД
ЈАНЕ
САНДАНСКИ
НЕГОТИНО



